**20111363015**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И НА ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 септември 2011 година.

Бр. 07-4034/1
28 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И НА ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 55/2007 и 145/10), во членот 17 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Се забранува нумерирање на објект со букви (бб).“

Член 2

По членот 36 се додава нов член 36-а, кој гласи:

„Член 36-а

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното и на службеното лице во општината односно во градот Скопје доколку постапува спротивно на членот 17 став 3 од овој закон.“

Член 3

Општините, односно градот Скопје се должни во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон табличките за нумерирање на објектите со букви (бб) да ги отстранат и заменат со таблички со бројки согласно со членот 17 став 1 од овој закон.



www.pravdiko.mk

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.mk